ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

БР. 03-266/1
19.10 2016 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 69 од Закон за животна средина средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11), Претседателот на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Пелагонискиот плански регион организира:

**ЈАВЕН УВИД**

**по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина по Нацрт – Регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот регион**

Се информира јавноста и сите заинтересирани правни и физички лица од Пелагонискиот регион, (општините Битола, Ресен, Могила, Новаци, Крушево, Кривогаштани, Демир Хисар, Прилеп и Долнени) дека во рамките на проектот **"Подготовка на документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски плански регион"** (EuropeAid / 136347 / IH / SER / MK)", финансиран од Европска Унија преку инструментот за предпристапна помош (ИПА) подготвен е Нацрт Регионален план за управување со отпад за Пелагонискиот плански регион за кој се спроведува постапка за Стратегиска оцена на животната средина, согласно одлуката од Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад бр. 03-192/2 од 29.07.2016.

За таа цел на јавен увид објавуваме:

- *Нацрт – Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот плански регион во електронска и печатена верзија на македонски јазик.*

Правните и физички лица и јавноста може да го достават своето мислење во врска со Извештајот, **во рок од 30 дена** од денот на објавувањето на Соопштението за јавен увид.

Печатените верзии од горенаведените документи може да се разгледаат во Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Пелагонискиот плански регион), со седиште во Општина Битола и во општинските канцеларии за ЛЕР во секоја општина поединечно. Електронската верзија на Извештаите може да се разгледа на веб страната на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион и веб страните на сите општини во Пелагонискиот регион.

**Јавниот увид ќе трае секој работен ден од 08:00 до 16:00 година, почнувајќи од 19.10.2016 до 19.11.2016 година.**

**Лице за контакт: Бојан Бојкоски,** Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион.
Е-маил: it@pelagonijaregion.mk
Телефон за контакт: 075/357-773